NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 04-738/1
22.11. 20 19 год.
ОХРИД

Врз основа на член 77-а став 1, 2 и 5. Член 77-б, член 77-в став 1, член 77-г и член 77-д, од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр.59/2003, 24/2007, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 49/2013, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 154/2015, 39/2016, 11/18 ), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), одредбите од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на РМ“ 34/15) и известувањето до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-9697/2 од 20.11.2019 година, Националната Установа „Охридско лето“-Охрид објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС 1/2019

I.Националната Установа„Охридско лето“-Охрид има потреба од вработување на 2(две) лица на неопределено работно време на следните работни места:

1. **(едно) 1 лице на работно место Друг стручен соработник во културата - Стручен соработник – организатор на културен туризам, шифра КУЛ 03 04 Г02 010**

**Посебни услови:**

- Степен и вид на образование: Високо образование 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Туризам и угостителство) или завршено Средно музичко училиште
- Работно искуство: најмалку 5 години работно искуство во струката

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува: 24.331 денари

Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2019 година бр.01-724/1 од 05.11.2019 вработувањето се предвидено за: 1 Македонец/ка

2. **(едно) 1 лице на работно место Друг соработник во културата - Соработник за програмски активности, шифра КУЛ 03 04 Г03 013**

**Посебни услови:**

- Степен и вид на образование: Високо образование 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Организациони науки и управување (менаџмент) или завршено Средно Гимназиско училиште
- Работно искуство: со или без работно искуство

Основната нето плата за огласеното работно место изнесува:20.197 денари

Согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2019 година бр. 01-724/1 од 05.11.2019 вработувањето се предвидено за: 1 Македонец/ка

II. Кандидатите за работните места треба да ги исполнуваат **општите услови**:

- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

III. Распоред на работното време**:** Дневното работно време за огласените работни места е во траење од (осум) 8 часа дневно (од 08.30 до 16.30) односно 40 часа неделно.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи **изнесува 15 (петнаесет) дена** сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за вработување може да се подигне од Архивата на НУ „Охридско лето"-Охрид или да се симне од интернет страната на установата www.ohridskoleto.com.mk .

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на посебните и општите услови.

IV. Кандидатите кон пријавата треба да приложат

- Кратка биографија
- Уверение за општа здавствена способност за работното место;
- Потврда/уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ-Диплома/Уверение за завршено образование;
- Потврда за работно искуство;

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа„Охридско лето"-Охрид или по пошта на следната адреса: ул. Партизанска, број 4, Охрид (со назнака за јавен оглас 01/2019).

Право на учество имаат сите граѓани кои ги исполнуваат условите за конкурирање. **Кандидатите со пријавата треба да ги доставaт доказите за исполнување на условите, во оргинална форма или копија заведена на нотар.**

Ненавремените пријави и документи нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од интернет страната на НУ „Охридско лето“-Охрид.

Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рокот определн во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

НУ„Охридско лето“-Охрид
Директор
М-р. Наташа Поповиќ

Република Северна Македонија
Национална установа
Охридско лето
Охрид